# П О Т Р О Ш У В А Ч И – на зелените пазари во Република Македонија



**На сите зелени отворени пазари, регистрирани во државата дозволена е продажба на земјоделски производи.** Доколку се продаваат други прехранбени производи кои бараат посебни услови за чување, за истото треба да бидат обезбедени соодветните услови.

**Купувањето на производи како што се мајонез, масло, свежи слатки, млеко и млечни производи, месо и месни производи, риба и слични производи на отворени пазари без обезбедени соодветни услови, претставуваат голем ризик по здравјето на потрошувачите.** Овие производи треба да се чуваат на соодветни температурни услови, пропишани од производителот, да бидат заштитени од загадување и од топлотни влијанија и да бидат соодветно спакувани.
Доколку затекнете на пазарите вакви производи за кои не се обезбедени соодветни услови за чување и продажба, немојте да ги купувате, мислете на ризикот по Вашето здравје.

**Кога правите избор на градинарски производи /овошје и зеленчук/, изберете плодови кои се неоштетени и со органолептички особини својствени за производот.**